


ОД ГОСПОД СОЗДАДЕНА МАКЕДОНИЈА

Хундерло-Охрид, 23 јуни 2024

Во неделата на 30 јуни во Охрид беше затворена манифестацијата „Недела посветена на А.ден Долард„ која траеше една недела во чест на холандскиот писател А.ден Долард кој Македонија ја сметаше за своја втора татковина, а во септември 1972 во Маврово ја даде спектакуларната изјава во која вели: „Кога Господ го создаваше светот потроши вкупно шест дена на него: пет дена го создаваше целиот свет и еден ден посвети само на Македонија – затоа е таа толку убава.„

Како што нѝ објасни директорот на музејот на А.ден Долард во Охрид Крсте Пурцов, одбележувањето на 30-годишнината од смртта на А.ден Долард било во координација со Македонската заедница во Холандија каде паралелно се одржаа низа активности во чест на овој познат холандски писател: изложба на фотографии за А.ден Долард, изложба на фотографии кои тој ги направил во Македонија во периодот меѓу двете светски војни, литературни читања/фрагменти од неговите дела, предавања и чествувања на неговиот гроб во Хундерло и пред спомен-обележјето во Охрид.

Крсте Пурцов додаде дека на барање на Македонската заедница во Холандија биле испратени капсули со вода и земја од Охридското езеро и охридските ниви каде аргатувал А.ден Долард и неколку камчиња од планината Галичица за да бидат истурени/ставени на неговиот гроб како симболика за поврзаноста која тој ја имаше со нашиот град и регион.


A. den Doolaard
(writer and journalist)
1901-1994


BOB SPOELSTRA
-A. DEN DOOLAARD-
7 - 2 - 1901 26 - 6 - 1994
WE HEBBEN TUSSEN WONDEREN GELEEFD
MAAR WE HEBBEN HET NIET BEGREPEN.
A.D.D.
A. den Doolaard - Ohrid

[illegible]








[redacted]


A. DEN DOOLAARD
DE BRUILOFT DER
ZEVEN ZIGEUNERS
TOUR
INFORMA
PHOTO &
GALL



Георги Гоце ДУРТАНОСКИ